Татјана СТОЈАНОСКА УДК: 26-42

# МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ЈУДАИЗМОТ

***Кратка содржина***

*Јудаизмот, како една од најстарите светски религии е неисцрпен извор на норми, кои во најголема мера се вреднуваат во рангот на морални закони. Во време на еродирани морални вредности, во време на перевертиран вредносен кодекс, во време на маргинализација на вистинските вредносни системи кои правилно и вредносно го одредуваат човековото однесување и дејание, вредностите кои се прокламираат преку одредена религија се добар начин за вредносно не застранување и не лутање на верниците. Големите светски монотеистички религии како што се: јудаизмот, христијанството и исламот во суштина се и големи етички системи. Јудаизмот е најстара монотеистичка религија и моралните вредности кои се вткаени во неа, содржани, пред сè, во Светата книга Библија-Стар Завет, се пресликани и се среќаваат и во Светите книги на христијанството и исламот. Десетте Божји заповеди се сметаат за врвни морални закони. Затоа посебната елаборација на моралните норми и вредности во јудаистичката религија несомнено ќе дадат свој придонес во општественоприфатениот вредносен систем.*

***Клучни зборови***: *ЈУДАИЗАМ, РЕЛИГИЈА, МОРАЛ, ВРЕДНОСТИ, СТАР ЗАВЕТ*

## Вовед

Моралните норми, моралните начела и моралните вредности се втемелени во најстарата монотеистичка религија-јудаизам. Анализирајќи го јудаизмот како универзална религија, несомнено се наметнува прашањето кое ја инспирира научната јавност, а кое се однесува на поврзаноста на двата значајни општествени феномени, морал и религија. Прашањата кои се однесуваат на односот на религијата и моралот, нивната поврзаност, суштинска зависност, се прашања и дилеми кои ги провоцирале социолозите, при што во одреден временски период нивната поврзаност и блискост била афирмирана, а во други периоди негирана и отфр-

лана нивната блискост и зависност. Прашањето кое денес неминовно ни се наметнува е: зашто во време на информатичка револуција и енормно брз развој на науката се потенцира зависноста на религијата и моралот, односно, религијата во современото нè само што не го губи здивот со развојните текови, напротив, постојано е на врвот на општествените феномени.

Одговорите на ова прашање најчесто се движат во насока на поврзување на општествениот контекст и општествената реалност и потребата од цврст, добро изграден и етаблиран вредносен систем. Имено, денешното време во кое живееме се карактеризира со вредносен и морален кодекс кој за жал не е стабилен, односно, одредени норми и вредности кои се посакувани, правилни и со помош на кои човекот правилно ќе се развива и ќе го насочи своето однесување и активности во општеството се маргинализираат, а за сметка на нив на површина испливуваат вредности и норми кои не соодветствуваат со посакуваната општествена реалност. Во такви моменти и периоди на вредносен вакуум и морална криза, добро е да се потенцираат моралните начела и вредности на универзалните монотеистички религии кои се сметаат за етички системи. Јудаизмот како најстара монотеистичка религија ги поставува моралните начела и вредности во своето учење, и низ целата верска поука која е дел од јудаистичката религија се среќаваат морални сознанија и вредносни постулати.

## Карактеристики на јудаизмот како религиски систем

Јудаизмот е најстара монотеистичка религија. Оваа религија го нагласува практицирањето на религијата повеќе отколку самото верување и според толкувањата на јудаизмот она што ја дефинира човековата религиозност е неговиот начин на живот (Bouker, 2006:182). За распространетоста на јудаизмот се споменува податокот дека во светот има 12 милиони припадници на јудаизмот, од кои 6 милиони се во САД, 2 милиони во Израел, а 4 милиони во другите делови на светот како што се Источна Европа, Русија и сл.

Кога се говори за јудаизмот треба да се спомене дека постои и поделба на јудаизмот на:

- **ортодоксен јудаизам**, кој претставува строго традиционален јудаизам што го прифаќа законот и авторитетот на рабинот,
- **прогресивен јудаизам**, кој е претставен преку две движења, и тоа:

  - *либерален јудаизам*, кој настанува во Европа за време на просветителството во 18 век и кој го нагласува критичкиот поглед на Библијата, алудирајќи на етичките елементи,
  - *реформиран јудаизам, кој ги* прифаќа методите на историско-критичкото истражување и го намалува одржувањето на обредите,
- **конзервативен јудаизам**, кој настанува во 19 век, посебно во Америка, и е некаде меѓу ортодоксниот и прогресивниот, кој тежнее кон поинакви обреди, но ги прифаќа рабинските преданија,
- **ционизам**, кој е националистички, со духовни примеси.

За основач на јудаизмот се смета Мојсеј, кој според преданијата, ќе добие порака од Бога и кој всушност е единственото преживеано машко дете во времето на владеењето на египетскиот фараон. Мојсеј бил еврејски водач и законодавец кој евреите ги ослободува од египетско ропство и на Синајската гора им дава две таблици-закони, кои ќе станат основа на еврејската религија. Всушност на планината Синај Господ-Бог ги врежува во камен 10-Божји зповеди, кои и денес се сметаат за врвни морални начела (Елијаде, 1996:202). Бог всушност на Синајската гора склучува договор со евреите и тој совет е содржан во 10-Божји заповеди, врежани на камената плоча која Мојсеј ја донел од врвот на гората. Нивната задача била да ја покажат единствената верност на Бога и да изградат примерно општество според законите и правдата што тој им ја подарил, а Бог за возврат ќе им ја дарува нивната сопствена земја и ќе биде нивни заштитник. Доаѓањето на Бог и неговото убедување на Мојсеј да стане негов пророк се опишува во Стариот Завет каде што се вели: *Му рече Бог на Мојсеј, велејќи: Ќе бидам со тебе и ова нека ти биде знак дека јас сум те испратил, кога ќе го изведеш народот мој од Египет, помолете му се на Бога на оваа планина; А Мојсеј му рече на Бога: Еве ќе појдам кај синовите Израелеви и ќе им речам: Бог на татковците ваши ме испраќа кај вас и ако тие ме прашаат како му е името што ќе им речам тогаш? Бог му одговори на Мојсеј велејќи: Јас сум оној кој вечно постои, па продолжи, така ќе им кажеш на синовите Израелеви, оној кој вечно постои ме испрати кај вас; И пак му рече Бог на Мојсеј, вака кажи им на синовите Израелеви: Господ Бог на татковците наши, Бог Аврамов, Бог Исаков и Бог Јаковов ме испрати кај вас, ете тоа е името мое вечно и тоа е споменот за мене од колено на колено; Оди и собери ги старешините Израелеви и кажи им: господ Бог на татковците ваши ми се јави, Бог Аврамов, Бог Исаков и бог Јаковов, и ми рече: Ве посетив и ве видов што ви се прави во Египет; И реков уште: Ќе ве изведам од маките египетски во земјата Хананска и Хетејска и Аморејска и Ферезејска и Евејска и Јевусејска, во земја каде што тече*

*мед и млеко.* (втора книга Мојсиева, 3: 12, 13, 14, 15, 16, 17). Всушност преку овие реченици описно се гледа како бог го избира Мојсеј за проповедник и за негов избраник.

Оно што посебно треба да се спомене е дека Еврејскиот народ бил протеруван, сепак треба да се потенцира дека нивната верба дека се божји избран народ, успеале да го одржат својот национален, културен и религиски идентитет, без оглед каде живеат.

## Десетте божји заповеди како етички систем

Јудаистичката религиозност се темели на прифаќање и однесување според Божјиот закон. Божјиот закон е содржан во Стариот завет, во хебрејската Библија, која е света книга на Евреите, кои освен Библијата, посебен пиетет имаат кон Талмудот, кој претставува голема верска збирка на библиски толкувања на Стариот завет, на ритуални правила, правни прописи приказни и изреки. Се состои од два дела: Мишина (текст на учење) и Гемара (објаснување на учењето).

Во Библијата, поточно во Стариот завет специфично е тоа што не се докажува постоењето на Бог, тој постои, тој е вечен и единствен, создател и владетел на целата вселена, семоќен и полн со љубов. Тој го создал светот и во него човекот, а со тоа би се објавила чеговата слава. Во Стариот завет се објаснува дека Бог своите ставови ги обзнанува преку објава, преку свој месија кој ќе потекне од Давидовата кралска лоза и ќе го најави доаѓањето на кралството. Бог го објавува својот закон кој е средиштен, а јудаизмот кој е објавен во Стариот завет има 613 заповеди, 248 позитивни налози и 365 забрани. Тие заповеди се израз на божјата волја и затоа се задолжителни за верниковиот живот. Во Стариот завет, како што споменавме, може да се препознаат голем број морални норми, кои имаат за цел да го направат верникот вистинско морално суштество, а од сите норми кои ги среќаваме во Стариот завет, но секако најважни и највпечатливи се Десетте божји заповеди (Bouker, 2006:184).

За многумина научници Десетте божји заповеди се најпознатиот и најзначајниот етички систем што ја дава основата на моралноста, основата за човеково добро, исправно и пожелно однесување, правилна и морална животна ориентација, градење на човекот како целокупна морална личност, при што тој треба да се ориентира кон себеси и кон другите луѓе и во секој однос и контакт, принципот на доброто да му биде основен принцип на однесување, а негова цел да биде изградба на неговиот карактер врз морални основи и принципи. Заповедите се принципи што ја насочуваат човековата волја и го ориентираат човекот при својот из-

бор на желби, цели, како и средствата за задоволување на тие цели, секогаш да поаѓа од принципот на доброто и морално постапување.

Десетте божји заповеди се среќаваат во Библијата, во Стариот завет, во Втората книга Мојсиева. Всушност за нивното настанување се потенцира дека тие настануваат како резултат и одговор на самата општествена ситуација која владее во тој период (Темков, 2003:88). Имено, по векови страдање и ослободување од деспотската туѓинска тиранија, израелскиот народ, наместо правдина и морални постапки, ги правел најнеморалните и за Бога лоши дела. Во таква една ситуација Бог на Синајската Гора му ги предал на Мојсеј Заповедите, врежувајќи ги нив со стрела во камен, како негово сознание, објава и правила дека треба да се однесуваат согласно со нив за да живеат достојно, човечки и да бидат доволно морални за да можат да ги остваруваат правилно своите должности на земјата.

Десетте божји заповеди се всушност правила за морален живот на луѓето, и тие се суштински одговори и решенија на базичните човекови прашања што се однесуваат на суштествените обичајни и морални норми. Тие даваат слика на еден свет во кој човекот е сфатен како творец на својот живот и во текот на својот живот, како и во односите со другите луѓе човекот треба да го води принципот на доброто, а доколку една личност ги негира принципите изнесени во божјите заповеди, автоматски подразбира негирање на принципите на добро живеење.

Десетте божји заповеди претставуваат директна порака за моралност и анализирајќи ја секоја од пораките поединечно ќе видиме дека преку секоја се пренесуваат одредени вредности и морални норми, а сите заедно претставуваат своевиден морален кодекс.

Првата божја заповед гласи: *Јас сум Господ, Бог твој, кој те изведе од земјата Египетска, од домот на ропството, немој да имаш други богови освен мене* (втора книга Мојсиева, 19.20:2,3). Преку оваа заповед всушност се потенцира заслугата што Господ-Бог ја има за Евреите, при што се истакнува еден вид единствена и неподелена љубов која треба да ја имаат Евреите кон својот избавител, но тука се истакнува и чувството на страв што се наметнува, кое во одредени случаи може да биде и корисно при практицирање на моралните норми.

Втората божја заповед гласи: *Не прави за себе идол, ниту каква слика на она, што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата под земјата, немој да им се клањаш ниту да им служиш, оти јас сум Господ, Бог-твој, твој ревнител, кој за гревовите на татковците ги казнува децата до третото и четвртото колено, оние кои ме мразат, кој покажува милост на илјадници, кои ме сакаат и пазат на заповедите мои* (втора книга Мојсиева,19.20:4,5,6). Всушност оваа заповед му покажува на човекот дека не треба да западне во идолатрија и идеопо-

клонство, бидејќи некогаш одредени личности кои ни се идоли и патокази во животот и кои ги следиме и имитираме, можеби не се изградени врз морални личности и ние несвесно, имитирајќи ги и поддржувајќи ги, на некој начин градиме негативен морален пример за нас, и затоа препораката е да го следиме само Господ-Бог и во него безрезервно да веруваме, бидејќи само тој е морално совршено суштество. Исто така, преку оваа заповед се влева и еден вид страв, односно еден вид одбранбен механизам против морални грешки, бидејќи се споменува враќање на грешките и соодветна санкција, дури и ако личноста не е индивидуата која ги направила моралните прекршоци.

Третата божја заповед гласи: *Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог, бидејќи Господ нема да го остави неказнет оној кој напразно ќе го изговори името негово* (втора книга Мојсиева, 19.20:7). Оваа заповед ни укажува на тоа дека името на Бога е свето и тоа не треба да се злоупотребува во секојдневниот човеков речник и посебно со стравопочит и со љубов треба да го изговараме името на Бога, а од друга страна при морални грешки не треба ни да се осмелиме да го изговориме него.

Четвртата божја заповед гласи: *Помни го денот саботен за да го празнуваш; Шест дена работи и сврши ги во нив сите работи, а седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог, тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни волот твој ни ослето твое, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе, оти за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сѐ што е во нив, а во седмиот ден си отпочина, заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети* (втора книга Мојсиева, 20.21:8,9,10,11). Всушност преку оваа заповед ни се потенцира работата како вредност, и праведниот начин на работа, но и се укажува на една човекова димензија, а тоа е одморот кој му е потребен на секој човек. Од денешен аспект, оваа норма е мошне значајна, бидејќи директно се однесува против воркохолизмот, а воркохолијата (зависноста од работа), е плод на современото живеење. Воркохолизмот како негативни последици ги има алиенацијата (оттуѓувањето) и развиток на егоизмот кај луѓето, бидејќи трката по пари и постојаниот работен ангажман ги принудува луѓето да се оддалечат едни од други и да се изгуби онаа човечка димензија, а тоа е човечноста.

Петтата заповед гласи: *Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да ти биде добро и да поживееш подолго на земјата, што ти ја дава Господ твојот Бог* (втора книга Мојсиева, 20.21:12). Почитта, како една од врвните и темелни вредности се истакнува во оваа заповед, посебно почитта кон оние што те создале и секој треба да се однесува со посебен пиетет кон родителите.

Шестата заповед гласи: *Не убивај* (втора книга Мојсиева, 20.21:13). Оваа заповед директно се однесува на почитување на секоја единка и немањето право на кој било да го одземе животот, бидејќи животот е подарен од Бога и никој нема право да го одземе. Оваа заповед укажува уште и дека не треба да нè води злото во нашите постапки, туку луѓето треба взаемно да си помагаат и да се почитуваат.

Седмата заповед гласи: *Не врши прељуба.* (втора книга Мојсиева, 20.21:14). Една класична и чиста морална норма и вредност што се однесува на взаемната почит меѓу партнерите, како и чесноста при влегувањето во една љубовна врска. Љубовта е едно од најчистите и највозвишени чувства, која е привилегија за човекот, и како таква треба и да се негува. Секое нечесно практицирање на љубовта подразбира и нејзина деградација како нешто исконско и возвишено. Заедничкиот живот на двајца млади вљубени, треба да се гради на чесни основи, да се има взаемна доверба, искреност, договор и само доколку се почитуваат тие норми и вредности една врска ќе успее и ќе биде долговечна.

Осмата заповед гласи: *Не кради* (втора книга Мојсиева, 20.21:15). Преку оваа заповед всушност се потенцира чесната заработка на секој поединец и задоволувањето на егзистенцијата на чесен и праведен начин. Од друга страна, со оваа заповед се осудуваат неморални особини како што се нечесност, неправедност и се осудува секакво неморално стекнување и на материјални средства и на имот. Целта на секој човек е правично да си обезбедува егзистенција, бидејќи доколку одземе нешто што е туѓо, врши неморален чин, а од друга страна, се повредува и себеси и цел живот потоа ќе го следи грижата на совест, бидејќи совеста е внатрешен човеков судија.

Деветтата заповед гласи: *Не сведочи лажно против својот ближен* (втора книга Мојсиева, 20.21:16). Преку оваа заповед се потенцира значењето на вистината како вредност и неморалноста на лагата како негативна, аморална особина. Секој човек треба да ја говори и да ја почитува вистината, во секоја ситуација, а да ја одбегнува и да ја осудува лагата. Посебно за да се заштитиме себеси не смееме да помислиме да наклеветиме некој друг, особено ако тој ни е близок. Секоја клевета и нечесно дело се санкционираат, а не е човечки и не е морално да оцрнуваме некоја личност преу нејзино клеветење, бидејќи на тој начин ние ја упропастуваме таа личност.

Десеттата заповед гласи: *Не пожелувај ја жената на ближниот свој, не пожелувај го домот на ближниот свој , ниту нивата негова, ни слугата негов, ни слугинката негова, ни волот негов, ни ослето негово, ни секаков добиток, ниту нешто друго кое е на ближниот свој* (втора книга Мојсиева, 20.21:17). На еклатантен начин оваа заповед ни сугерира да бидеме задоволни со она што го имаме и да се радуваме на она што

го имаме и што е наше, а од друга страна ја осудува зависта и љубомората како апсолутно негативни и неморални особини. Човекот, како живо суштество има милион потреби и желби и човековото око е ненаситно, но треба да бидеме рационални и умни да не им завидуваме на другите, и да не нè води љубомората во нашите постапки и дејанија.

Десетте божји заповеди се голем извор на моралноста, непресушно врело од кое постојано се напојуваат младите и искрени души, цврста карпа на која секогаш можеш да се потпреш при секоја бура од животни неприлики и предизвици, силна основа да се истрае во човековите животни битки, во кои секојдневно човекот е соочен со разни предизвици и притисоци: притисок од лоши луѓе, неморални личности, лоши идеи за уништување на старите етички системи. Десетте божји заповеди остануваат брана против сите обиди да се упропасти и да се уништи моралот, и всушност тие нудат база за морален живот и напредок и претставуваат сила против негативните настојувања да се уништи добриот морал.

**Етичката димензија на јудаизмот**

Според јудаизмот, сите луѓе се создадени на божја слика, создадени се еднакви и имаат свое човечко достоинство и затоа јудаизмот како религија посебно ја истакнува почитта како норма, почит кон сите. Исто така, јудаизмот потенцира дека треба да се даде помош, посебна грижа за оние што се во неволја, болните, оние кои останале без својот брачен другар, сиромашните, сирачињата. Според јудаизмот, во однос на човековиот карактер, сите луѓе се создадени слободни, со способност да го одбираат доброто и злото, без оптоварување за наследниот грев. Светот кој Бог го создаде за човекот е добар свет и во него човекот треба да ужива, да ужива во неговото изобилство и корист и да настојува да го направи уште подобар. Јудаизмот е религија во која се потенцира дека спасението се постигнува во овој свет и низ него, односно, иако Евреите веруваат во идејата за воскреснување по смртта на телото и бесмртност на душата, сепак многу повеќе внимание посветуваат на добриот живот на земјата, а помалку на подготовките за живот после смртта.

Говорејќи за јудаизмот како религија, вклучувајќи ги и верувањата како и религиските пракси, треба да се истакне дека јудаизмот има неколку карактеристики, кои еврејскиот филозоф од средниот век Мозис Мајмонидис ги сумирал во 13 темелни еврејски верувања и тоа: Постоење на Создадетелот; Негова единственост; Негова бестелесност; Негова вечност; Обврска нему да му служиш и само него да го почитуваш; Постоење на пророштва; Мојсие е над сите останати пророци; Објава на Мојсиевите закони на Синајската Гора; Непроменливиот карактер на

законите; Бог е сезнаен; Награда или казна на овој или оној свет; Доаѓање на месијата; Воскреснување на мртвите. Во однос на Светите списи, за јудаизмот се карактеристични: Библија-Стар завет, Талмуд и Мишнаетички учења кои се темелат на библијата и датираат од вториот век по Христа.

Она што е мошне специфично за јудаизмот е практицирањето на верските норми. Имено за Евреите, припадници на јудаизмот, центар на верскиот живот е семејството, дури и повеќе отколку Синагогата-свет храм на припадниците на јудаизмот. Евреите многу посветуваат внимание на семејството и односите во семејството и сите обреди и ритуали се случуваат во семејството. Така јудаизмот како религија налага процесс на обрежување, односно со самото раѓање детето на седмиот ден мора да биде обрежено и потоа добива еврејско име кое ќе го изговори трипати: на Бар-Мицва, на венчавањето и на надгробниот споменик. Бар-Мицва (син на божјата заповед) е израз кој означува религиозна и правна зрелост, како и самиот настан кога личноста се здобива со тој статус.Талмудот припишува возраст за 13 години за момчињата и 12 за девојчињата. Обредот за девојчињата се нарекува Бат-Мицва и се јавува многу подоцна од 19 век. Централниот елемент на овој обред е јавно читање на Тората обично во првиот шабат по навршената соодветна возраст. На денот кога се одвива самата служба, во синагогата, детето го седнуваат на маса на која се чита Законот, и од тој ден тој се смета за возрасен, со сите предности и одговорности, религиски и општествени. Посебно место во верниковиот живот има празникот ***Шабат*** (што значи одмор) и тој почнува со заоѓање на сонцето во петок навечер и тогаш не е дозволено да се работи, да се пали оган, да се патува, всушност тогаш е неделниот одмор од работа, и тој е од посебно семејно и верско значење. Пред залезот на сонцето, домаќинката ги пали шабатните светла и додека го прави тоа го моли Бог за благослов за своето семејство. Машките членови од семејството можат да бидат со неа или се во синагогата. Шабатната маса е покриена со чист прекривач на кој се наоѓаат два леба и чаша со вино и пред вечерата мажот изговара зборови со пофалба за својата жена, наведува зборови од Библијата кои зборуваат за денот на одморот-Шабат, потоа ја зема чашата со вино и ја благословува во божје име, го благословува и лебот и потоа зема прв од лебот и виното.

Други празници значајни за припадниците на јудаизмот се:

- *Пасхва*; Тоа е осум дневно празнување во пролет, сеќавање на избавувањето на Евреите од египетско ропство,
- *Педесетница*; Седум недели по Пасхвата и тогаш се слави завршетокот на жетвата на жито и со синајските закони,

- *Сакот;* Радосни есенски слави, кога се прославува бербата на плодови и тогаш Евреите одат во природа со шатори, а сето тоа е симболика на патувањето на Израелците низ пустина,
- *Посветување-Хануха*; Зимска слава која ги потсетува Евреите на вториот храм кој го подигнал Јуда Макабеец,
- *Пурим* се одржува во пролет во вид на Карневал,
- *Нова година-Рош Хашана*; Почеток на верскиот календар во рана есен, период кога човекот треба да си го среди својот живот.
- *Ден на помирувањето*; Десетиот ден од Нова година, најголем празник, означен со 24 часовна апстиненција од храна и вода, како знак за каење пред Бога за гревовите на поединците и на заедницата.

Исто така за јудаизмот се специфични ***синагогите,*** а тоа се местата каде што се извршуваат верските ритуали и практики. Синагогата е средишен верскиот живот на припадниците на јудаизмот. Евреите се собираат во синагогата, за време на Шабатот, посебно во петок навечер и во сабота наутро. Синагогата е зграда која може да биде или во квадратен или во правоаголен облик. Ковчегот во кој се наоѓаат записите од Законот гледа кон Ерусалим, а е сместен во дното на просторијата. Клупите се распоредени на три страни, сместени на тој начин што верникот го гледа ковчегот. За време на богослужбата мажите носат на главата шешир и бел шал околу рамењата, а жените ги покриваат главите или немаат шал. Всушност во синагогата се одвива целата верска и ритуална активност на верниците на јудаистичката вероисповест (Đakovac, Bigović, 2006).

Еврејската религија или јудаизмот ја проповеда верата во еден, бестелесен и духовен Бог, татко на сите луѓе. Тој Бог ја претставува севкупноста на моралноста и тој Бог е морално совршено суштество и од луѓето бара почитување и практицирање на морални норми, подразбира барање за почит, љубов и праведност и придржување до суштинските вредности и морални норми. Јудаизмот може со право да се каже дека е етичка религија, со самиот факт што веќе три илјади години морално ги воспитува и ги наобразува своите верници. Десетте божји заповеди се еклатантен пример за морален кодекс и тие се човеков активен двигател и творци на неговиот морален свет. Тие всушност претставуваат жив етички агенс, кој ги потсетува луѓето дека е незаменлива нивната активна улога во обликувањето на човековите правни животни и етички одредувања, односно, најзначајни двигатели што ги обликуваат основните и најзначајни прашања на човековата егзистенција.

## Заклучок

Моралните норми и вредности, како најзначајни регулатори на општествениот живот се содржани во јудаистичката религија. Овие норми и вредности се вткаени во верско-теолошкото учење на јудаизмот и имаат влијание врз животот на верниците, со што придонесува за нивно целосно морално изградување. Факт е дека по двеилјади и десет години по христа и по енормно брзиот напредок на науката и техниката во современиот општествен развој и итање напред на секое поле, човекот е далеку од морално совршено суштество. Она што е исто така посебно значајно е што моралниот кодекс, како дел од религискиот систем-јудаизам, е на некој начин втемелен во општеството, а тоа е секако позитивно и добро, бидејќи тој во секој случај носи морален развој на личноста, поготово во ситуации кога имаме криза на вредносниот систем, еден вид ерозија на моралот, ништење на темелните вредности кои се база и столб на секое општество, изместени и карикирани критериуми за морал и вредности. Во такви случаи на криза на моралноста во општеството, навистина е неминовно да се бараат вредносните ориентации кои се дел од религискиот систем, сè со цел луѓето да се вратат во колосек и на некој начин да им се покаже правилниот пат по кој треба да чекорат во нивниот развој и во нивното општествено живеење.

Анализирајќи го темелно јудаизмот како монотеистичка религија, се добива впечаток дека овој религиски систем е навистина потенцијален морален регулатор на верниковиот живот, кој му овозможува полесно да се снајде во течението на животот, полесна и правилна комуникација со луѓето со кои соработува и кои го опкружуваат, правилен избор во најразлични општествени ситуации во кој секојдневно се наоѓа, и наедноставно правилна животна ориентација која ќе соодветствува со вистинските морални принципи кои се општествено прифатени.

Во јудаистичкото учење се потенцираат низа морални норми кои се посакувани од страна на секоја добро и морално изградена личност. Она што доминира во јудаистичката религија е принципот на љубовта, односно, љубовта како најголема човечка вредност. Љубовта се опишува на најдостоинствен начин, како чувство што треба да ја воскресне добрината кај секој човек, како чувство што треба да ги извлече од луѓето најискрените желби и тајни, како чувство што треба да ја оплемени и облагороди човековата душа, едноставно вредност што треба да биде ѕвезда водилка во сите човекови постапки и комуникација со другите луѓе. Потоа, посебно е значајно потенцирање на доброто како врвна морална вредност. Вредностите како што се космополитизам, пријателство, милосрдие, чесност, почит, се срж на јудаистичкиот религиски систем.

Моралните норми, вредности и моралните феномени кои се среќаваат кај јудаизмот се неопходни за правилна морална изградба на секоја личност и за нејзино реално општествено битисување. Јудаизмот, како религиски систем, е вечен и голем етички систем и вечен и непресушен извор на моралност од кој е потребно и пожелно да се напојуваат младите души за да не залутаат во шумата наречена живот.

**Литература**


Berger, P., 1973. *The Social Reality of Religion.* Harmondsworth: Penguin.

Bouker, Dzon, Urednik. 2006. *Religije.* prevod, Novi Sad: Stylos.

Дјурант, Вил, 1988. *Доба вере-прв дел.* Београд: Народна књига Алфа.

Донини, Амброго, 1964. *Преглед повијести религије.* Загреб: Напријед.

Grupa avtori, 2002. *Osnivači velikih religija.* Beograd: Toper Book.

Đakovac, Aleksandar, Bigović, Radovan, 2006. *Leksikon hriščanstva, judaizma i islama.* Beograd: Agencija Matić.

Елијаде, Мирча, 1996. *Водич кроз светске религије.* Београд: Народна књига Алфа.

Елијаде, Мирча, 1986. *Свето и профано.* Нови Сад: Књижевна Заједница Новог Сада.

*Енциклопедија живих религија.* 1990. Београд: Нолит.

Yinger, M., 1970. *The Scientific Study of Religion.* London: Routledge.

Yodl, Fr., 1918. *Allgeneine Ethik.* Berlin: Stuttgard.

Judaizam,http://www.step.hr/duhovnost/religije/judaizam.shtml

Judaizam,http://www.klik.hr/vijesti/2001/03/19/0002052.html

Jukić, J. 1997. *Lica i maske svetoga.* Zagreb: KS

Pavičević, Vuko, 1988. *Sociologija religije.* Beograd: Beogradsko Izdavačko-Grafički Zavod,

Санџакоски, Отец Стефан, 2003. *Љубовта како чин на допирање на душата на ближниот со душата своја.* Штип: Воспитание, Педагошки факултет Гоце Делчев.

*Свето Писмо Библија*, 2002. Скопје: Фондација Благовестие.

Temkov, Kiril, 2003. *Etika za mlade.* Niš: Bajka.

Tompson, Kenet, 2003. Moralna panika. Beograd: Clio.

Tatjana STOJANOSKA

# MORAL VALUES IN JUDAISM

**Abstract**

Judaism, one of the oldest world religions, is permanent resource of norms that are valued as moral laws. In the time of moral erosion and perverted code of values, in the time of marginalization of true value systems that determines human conduct, values that are declared through certain religion are good way to keep believers behave properly, according to accepted values and norms. Grand world monotheistic religions such as: Judaism, Christianity and Islam are in essence grand systems of ethics. Judaism is the oldest monotheistic world religion and moral values that are imprinted in it are part of the Old Testament and other Holy books of Christianity and Islam. The Ten Commandments are considered ultimate moral laws. Therefore detailed elaboration of moral norms and values of Judaism will certainly contribute in socially accepted value system.

**Key words:** JUDAISM, RELIGION, MORALITY, VALUES, THE OLD THESTAMENT